# Замолчување на новинарството:
# Слободата на новинарите и медиумите во Република Македонија

Настан: Јавна дебата во организација на Алијансата на либерали и демократи за Европа

Дата: Вторник, 20 септември, 2011 година 18,30-20,30

Локација: Брисел, Европски Парламент ASP 5G1

Говорник: Петар Стојковиќ

Слично како во "Алиса во земјата на чудата" од Луис Карол, така и во Македонија - уште една земја на чудата - си живееше Македонецот. Македонецот отсекогаш беше мирен, скромен и послушен. Но, како што си поминуваше времето во земјата на чудата, така и Македонецот се повеќе стануваше свесен дека можеби неговата глава е следна која ќе биде ставена на гилотината. Една немирна вечер, Македонецот посведочи на обезглавувањето на еден друг Македонец во негова близина. Потоа се запраша: "Што ќе стане со мене? Овде изгледа сите страшно многу сакаат да сечат глави. Вистинско чудо е што некој досега останал жив.".

Вака би започнала приказната за Македонецот во земјата на чудата чиј крај сеуште не ми е познат. Единствено ми е познато дека во нашата земја на чудата улогата на Кралот Срце ја толкува нашиот премиер Никола Груевски, додека улогата на Кралицата Срце - министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска. Така, секоја желба и незадоволство на Кралот Срце е заповед за Кралицата Срце веднаш да ги обезглави неистомислениците и непослушните. Секој кој ќе се обиде да го унеспокои Кралот Срце или да му ги помати (пре)сметките, под итна постапка ќе биде изведен пред страшниот суд. А страшниот суд го сочинуваат, кој ако не, Кралот Срце и Кралицата Срце, додека како поротници се Џелатите кои ја спроведуваат волјата на овие двајца. За да биде уште поинтересно, најпрво се извршува казната, а потоа се носи пресудата.

За сите активности поврзани со односи со јавноста и предвременото изрекување на казните е задолжен Џелатот Пик кој е отелотворен во портпаролот на МВР Иво Котевски. Тука е и Џандарот Треф како еден од поротниците и блиски послушници на кралската двојка, инаку задолжен за брзи интервенции под мотото "нападот е најдобра одбрана" - Александар Бичиклиски. Споредните улоги, пак, ги толкуваат останатите Џелати или попознати како единица за специјални задачи "Тигар" и посебната мобилна единица на МВР "Алфа", кои тепаат како "алфа" мажјаци.

Од судницата постојано одекнуваат зборовите на Кралицата Срце: "Пресечете им ги главите!". И да нема повод, ќе се најде причина. Дури може и да се измисли законски параграф со цел да се запази "демократичноста" на судските процеси. Оправданоста на акциите не смее никогаш да биде доведена во прашање.

Понеделникот, 06 јуни 2011-та, следниот ден по парламентарните избори, бев на проба во театарот од наутро до доцна вечерта. Кога се вратив дома и кога го пуштив телевизорот имаше што да видам. Политички мотивирани апсења и прогони, меѓупартиски плукања, говор на омраза... Но, веќе сум навикнал на политичката (не)култура во Македонија и оваа ситуација воопшто не ме изненади. Човек отрпнува кога сето тоа го претставува неговото секојдневие. Тоа што не ме остави рамнодушен беше веста дека на градскиот плоштад, на кој порано обожував да ги дочекувам утрата со пријателите, седејќи на клупите и гледајќи го изгрејсонцето, насилно згаснал млад човечки живот!

Прочепкав на интернет за да споредам повеќе извори и информациите беа поразителни: Уште еден случај на полициска бруталност кој овој пат резултирал со смрт на 22-годишно момче. Уште пострашно, официјалната изјава од СВР Скопје (дадена во 16:08 часот) беше спротивна од изјавите на сведоците дадени за некои медиуми што јасно говореше дека станува збор за обид за прикривање на убиството кое го сторило припадник на полицијата. Деталите за убиството се веќе познати на јавноста. Дали би сакал да живеам во земја каде ваквите убиства се третираат како несреќни случаи? Не. Дали би можел да замижам на непрофесионалниот однос на полициските припадници и нивната солидаризација во прикривање на убиства сторени од членови на нивните редови? Не. Дали би можел да се воздржам, а гласно да не извикам: Стоп на полициската бруталност? Не. Дали би можел да одам сам против сите? Не. Како што вели народот, една ластовичка не чини пролет!

Единствената светла точка таа мрачна ноќ беше информацијата дека младите веќе се организирале преку социјалните мрежи и излегле на улиците на Скопје, за да го кренат својот глас против полициската бруталност и да побараат одговори и одговорност од надлежните институции на системот. Не се двоумев ниту еден миг, дека сега е моментот кога треба да се реагира. Во спротивно, би се чувствувал како соучесник во премолчувањето и прикривањето на убиството на еден млад човек и можеби би оставил простор за моето убиство еден ден, кое ќе заврши со ист епилог како овој, кој институциите планираа да и го наметнат на јавноста. Следниот ден, се јавив на моја колешка и заедно појдовме на протестите.

Веднаш по моето појавување во медиумите како еден од демонстрантите, започнаа и дискредитациите, етикетирањата и обидите за нарушување на мојот јавен углед. Провладините медиуми под диригентската палка на ВМРО-ДПМНЕ преку своите партиски мегафони започнаа да пласираат неаргументирани информации во јавноста. Сите оние кои јавно ги поддржавме протестите против полициската бруталност и се завземавме за целосно расчистување на случајот со убиството на Мартин Нешкоски од страна на полициски припадник, бевме ставени на мета на овие одредени медиуми кои се блиски до власта. Првичната информација која излезе од нивната кујна беше нашата евентуална поврзаност со аферата "Надеж" и поранешниот претседател на РМ, Бранко Црвенковски, како и СДСМ т.е. дека крајната цел не е правда, туку обид за рушење на власта и тоа само една недела по изборите на кои ВМРО-ДПМНЕ убедливо победиле. Потоа уследија инсинуациите дека ние сме блиски соработници на Владимир Милчин и СОРОС фондацијата, а како десерт беа послужени нашите глави заокружени со црвени кругови и дезинформацијата дека сме биле дел од тренинг обука која се случила во Белград каде сме се здобиле со знаења за организирање на вакви протести во друга држава.

Уследи фијаско со организирање на контра-протести пред штабот на СДСМ во режија на подмладокот на ВМРО-ДПМНЕ и истите се завршија истиот ден кога и започнаа – младите не знаеја ни зошто протестираат и беше повеќе од очигледно дека станува збор за изманипулирани и политички инструирани лица.

По неуспешните обиди за наше замолчување, провладините медиуми го сервираа и последниот специјалитет на менито – лагата дека ние сме доброорганизирани платеници на странските тајни служби, пред се американските.

Дозволете ми да ве запознаам со вистината зошто протестираме. (видео)

После објавените прилози на ТВ Сител и порталот kurir.mk доставив писмени деманти кои овие медиуми не се одважија да ги објават. Дури, телефонски ги контактирав ТВ Сител на 16 јуни и побарав да ме поврзат со информативната редакција непосредно пред Дневникот во 18 часот, со цел да се вклучам во истиот и во живо да ги демантирам дезинформациите кои ги пласираа во јавноста, но, тие одбија да го сторат тоа, бидејќи не им одеше во прилог да им падне монтираната приказна во вода. За среќа, други медиуми ги проследија демантите и вистината сепак излезе на виделина.

После емитуваните прилози имав одредени закани и заплашувања кои веднаш ги пријавив во ОБСЕ и МВР. Минувајќи по скопските улици, секојдневно се соочувам со

позитивни и негативни коментари од случајни минувачи. Некои луѓе ни честитаат за ревноста и несебично не поддржуваат во она што се обидуваме да го направиме и каузата за која се бориме. Многу од нив биле или сеуште се дел од протестите, но, има и такви кои допрва планираат да се приклучат кон истите. Негативните искуства, пак, вклучуваат пцовки и недолични прозивки, а неретко се среќавам и со повици за мое спалување на клада или јавно бесење. Во секој случај, воопшто не се плашам и понатаму да ја поддржувам оваа граѓанска иницијатива се додека не се истурка правдата до крај и се додека не се преиспита и реформира дејствувањето на МВР и неговите припадници.

Искрено се надевам на успешен епилог на протестите кој би значел усвојување и реализација на барањата од претставката доставена до повеќе институции. Накратко, целосно расветлување на убиството на Мартин Нешкоски, утврдување на кривична одговорност и санкции, како за сторителот на убиството, така и за сите инволвирани лица кои биле соучесници или се обиделе да го прикријат злочинот. На долгорочен план, имплементација на реформите во полицијата според критериумите и сугестиите предложени во нашата претставка.

Би сакал да ја искористам оваа прилика да им се заблагодарам на Народниот правобранител на РМ, г-динот Иџет Мемети, и Претседателот на РМ, д-р Ѓорге Иванов, кои ја дадоа својата поддршка на протестите како форма на изразување на критичкиот став на граѓаните и кои ветија нивно активно учество во дискусијата во рамките на нивните ингеренции. Особено ме радува што претседателот на државата, кој, иако доаѓа од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, со неговото отворено писмо демонстрираше непристрасност и одлуката на граѓаните, поттикнати од оваа голема трагедија, да се ангажираат и да ги искажат своите ставови ја препозна како искрена иницијатива и искрена желба да се придонесе за подобрување на демократијата. Со тоа потврди дека претседателот на државата треба и мора да биде претседател на сите граѓани, без разлика чиј кандидат бил на претседателските избори. Се надевам дека новите функционери, кои неодамна седнаа во нивните фотељи, ќе го следат примерот на нашиот Претседател и дека ќе имаат неселективен пристап во работењето со граѓаните, без разлика на нивната национална или партиска припадност, вероисповед, сексуална определба...!